СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА
Бр. 02-327/1
31.03. 2015 год.
СКОПЈЕ

# Извештај за транспарентност за 2014 година

## На

## Трговец Поединец за Ревизија ТП ЛОГИСТ РЕВИЗИЈА

## Лоза Славко Стаменковска Куманово

Согласно член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија (Сл.Весник на РМ бр. 158/2010... и 43/2014), ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово го објавува овој Извештај за транспарентност.

Содржина на извештајот:

1.Опис на правната структура и сопственост на ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово

2.Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа.

3.Опис на управувачката структура на ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово.

4.Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово и изјава од овластениот надлежен орган на Друштвото за ефективноста на функционирањето на овој систем.

5.Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со Законот за ревизија..

6.Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2014 година.

7.Изјава за независно работење на Трговец Поединец за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени.

8.Изјава за политиката што ја следи ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на годината за која се известува годината.

9.Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизија и од други надоместоци.

10. Информација за основите по кои се утврдуваат примањата за ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово.

**1. Опис на правната структура и сопственост на ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово**

**1.1.Име на субјектот**

-Целосен назив на субјектот: Трговец поединец за ревизија ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово

-Опис на правна форма: Трговец Поединец.

-Место на основање:Куманово,Р.Македонија.

-Датум на основање 26.11.2014 година

-Регистарски број под кој е заведен субјектот во регистарот при ИОРРМ:12

-Број на лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од Советот и датумот на нејзино издавање:07-531/1 23.01.2015 г.Скопје.

**1.2.Број на вработени лица**

Од 01.12.2014 година во ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово има еден вработен на неопределено полно работно време.

**1.3.Опис на сопственичка структура на ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово**

-Сопственик е 1 (едно) физичко лице, овластен ревизор согласно Законот за ревизија и тоа:

- Лоза Стаменковска

**1.4.Приоретна дејност/главна приходна шифра:** 69.20-Сметководствени,книговодствени и ревизорски работи,даночно советување.

**1.5.Број на подружници:** Нема

**1.6. ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово не се јавува како основач во ниедно друго Друштво во земјата.**

**1.7.Подружници регистрирани во странство:** Нема

**1.8. ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово не се јавува како основач во ниедно друго Друштво во странство.**

**1.9.Годишно осигурување од одговорност согласно Закон за ревизија опфаќа :**

-Најмалку минимална сума за покривање по штетен настан од 30.000 евра или 1.845.000,00 денари.

-Број на полиса :13001О020977

-Перод за осигурување:започнува од 01/12/2014 до 01/12/2015.

**2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што прилаѓа**

ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово делува како локален трговец поединец за ревизија на територијата на Република Македонија и не припаѓа на некоја локална, регионална или глобална професионална мрежа.

Трговец поединец за ревизија е основан и работи со цел давање на услуги на комитентите кои делуваат на пазарот во Република Македонија.

**3. Опис на управувачката структура на ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово**

Согласно Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ број 28/04....41/14, управувачката струтура на ТП е следната:

- Управител на ТП.

**4.Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово и изјава од овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет.**

Политиките и постапките за контрола на квалитетот на работата во ТП се донесени и усвоени врз основа на барањата на Законот за ревизија,како и барањата на прифатените и објавени Меѓународни стандарди за Ревизија (МСР) кои се прифатени како национални стандарди за ревизија во Република Македонија.

Политиките и постапките за контрола на квалитетот се носат врз основа на барањата на МСР 220-Контрола на квалитетот на ревизорската работа и МСКК 1- Контрола на квалитетот за фирми кои вршат ревизии и прозерки на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување и поврзани услуги.

Контролата на квалитетот на ревизорската работа се имплементира како на ниво на ТП, така и на секоја поединечна ревизија.

Основните цели на политиките и постапките за контролата на квалитетот на ревизорската работа кои се усвоени од страна на ТП се:

**-Одговорност на раководните лица за квалитетот во рамките на ТП,**според која,политика на ТП е при извршување на ангажманот приоритет да му се даде на квалитетот на извршување кој треба да е основен критериум кој е релевантен при донесување на одлуки за

оценка на извршената работа од страна на персоналот,неговото надгледување и унапредување,а исто така и да посветува доволно внимание за развој,документирање и поддршка на политиките и процедурите кои се однесуваат на контролата на квалитет;

**-Етичките барања**,според кои,политика на ТП е дека треба во целост да ги исполнува сите етички барања кои се предвидени со професионалните стандарди,регулаторните и законските барања;

**-Прифаќање и задржување на клиенти**-според кои, политиката на ТП е да насочува дејствување кон оценката на очекуваните клиенти и проверка на постојните во текот на работењето.Во донесувањето на одлуката да се прифати или задржи определен клиент,менаџментот треба да ја проучува независноста на фирмата и способноста правилно да го услужува клиентот и да води сметка за неговиот интегритет;

**-Човечки ресурси**, според кои, ТП за ревизија има политика дека треба да поседува разумно ниво на сигурност дека тоа располага со доволен персонал со способност,компетентност и приврзаност со етичките барања,кои се потребни за извршување на ангажманите во согласност со професионалните стандарди,законските и регулаторните барања,како и дека треба да биде екипиран со персонал кој се стекнал и одржува соодветни стручни стандарди и соодветна професионална компетенција која се бара со цел да се овозможи персоналот да ги извршува своите обврски со должно внимание;

**-Извршување на ангажманот**,според кои,политика на ТП за ревизија е дека треба своите ангажмани да ги извршува во согласност со професионалните стандарди,законските и регулаторните барања и треба да дава извештаи кои се соодветни на околностите;

**-Професионалните барања**, според кои,политиката на ТП за ревизија е дека персоналот мора да се придржува на основните принципи на независност,интегритет,објективност,доверливост и професионално однесување;

**-Делегирање**,според кои,политиката на ТП за ревизија е дека во вршењето на ревизорската работа треба да постои соодветен систем на насочување,надзор и преглед на работата на сите нивоа со цел да се обезбеди разумна сигурност дека работата што се извршува е во согласност со барањата на соодветните стандарди за квалитет;

**-Консултации**,според кои,политика на ТП за ревизија е дека секогаш кога е потребно консултирање за одредени специфични и сложени прашања со лица надвор од него истото треба да се врши со лица кои имаат соодветна стручност по тоа прашање;

**-Прифаќање и задржување на клиенти**,според кои,политика на ТП за ревизија е донесување на адекватни одлуки за прифаќање или задржување на некој клиент да се врши во контекст на способноста,времето и ресурсите на ТП за ревизија адекватно да ја заврши доверената работа како и да води сметка за својот интегритет и секако да може да ги исполни етичките барања;

ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово потврдува дека применетиот систем на интерна контрола претставува ефективен и ефикасен систем на контрола кој ги задоволува домашните стандарди за контрола на квалитет.

# ИЗЈАВА

## за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет на ТП ЛОГИСТ РЕВИЗИЈА Лоза Куманово

ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово има за цел да воспостави, спроведе ,одржува и следи внатрешен систем за контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување дека ТП за ревизија работи во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет(МСКК)1 " Контрола на квалитет за фирми кои спроведуваат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани на уверување и поврзани услуги" и дека извештаите на ангажманите на ТП за ревизија се соодветни со околностите.

ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово се придржува кон релевантните етички барања на ревизијата.При тоа ТП за ревизија е свесно за вредноста на етичкиот аспект на раководење на фирмата и прави се истите да бидат задоволени.

Изјавил,

за ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово

Управител,

Лоза Стаменковска

**7.Изјава за независно работење на ТП за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста и независноста и дека истите се спроведени**

ТП за ревизија изјавува дека како член на Институтот, ги почитува актите и насоките и потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите се спроведуваат.Управителот на ТП за ревизија дава писмена изјава дека ТП за ревизија е независен во однос на клиентите.

## ИЗЈАВА

## за независност на ТП ЛОГИСТ РЕВИЗИЈА Лоза Куманово

Во име на ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово по полна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам во согласност со барањата на Законот за ревизија,како и Кодексот на етика на IFAC (Меѓународна федерација на професионални сметководители) дека овој ТП за ревизија нема никаква капитална,финансиска,управувачка или било каква друга поврзаност со ревизорскиот клиентот.

Изјавил,

за ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово

Управител,

Лоза Стаменковска

**9. Изјава за политиката што ја следи ТП за ревизија ЛОГИСТ РЕВИЗИЈА Лоза Куманово за континуирана едукација на овластени ревизори**

Согласно барањата на Законот за ревизија , како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на работата во ТП за ревизија ЛОГИСТ РЕВИЗИЈА Лоза Куманово има обврска за континуирана професионална едукација и тоа :

-овластените ревизори во ТП Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово имаат обврска за професионално усовршување од минимум 40 часа годишно . организирано од страна на Институт на овластени ревизори на Република Македонија.

## ИЗЈАВА

## за политика што ја следи ТП ЛОГИСТ РЕВИЗИЈА Лоза Куманово

## за континуирана едукација на персоналот

Согласно барањата на Законот за ревизија како и донесените политики и постапки за контрола на квалитет на работа во ТП за ревизија ЛОГИСТ РЕВИЗИЈА Лоза Куманово, има обврска за континуирано професионално усовршување и тоа:

-овластениот ревизор, има обврска за континуирано професионално усовршување од минимум 30 (триесет) часа годишно,односно минимум 120 часа во текот на три години,организирано од страна на Институтот на овластени ревизори на Р.М.

Изјавил,

за Логист Ревизија Лоза Стаменковска Куманово

Управител,

Лоза Стаменковска

**10. Информација за основата по која е утврден хонорарот на овластениот ревизор**

Овластениот ревизор во ТП ЛОГИСТ РЕВИЗИЈА Лоза Куманово прима фиксна плата во текот на целата година, согласно Договорот за работа.

Куманово

31.03. 2015 година

ТП ЛОГИСТ РЕВИЗИЈА

Управител,

Лоза Стаменковска